| Код на активноста | Име на активноста |
|---|---|
| SDG17-SDGfP | **Посилни заедно!** |

## Цели на активноста

Учениците ја учат важноста на Целите за одржлив развој;

Учениците размислуваат критички;

Учениците работат насочени кон целта;

Учениците се способни да дефинираат алтернативи за дејствување и да поставаат приоритети;

Учениците се способни да донесуваат паметни и информирани одлуки;

Вредности на приговори кои се во согласност со Цел 17;

Позитивно реагираат кон постигнување Цел 17;

Ја разбераат важноста да работат заедно со другите за да успеат;

## Опис на активноста (во детали)

- Материјали - сад, мали хартии
- Времетраење – 3 ч 30 мин
- Група број – 3 групи, по 5-6 ученици

(8 одделение, возраст 13-14 години)

## Инструкции за едукаторот

**Прва лекција (1 час 30 мин)**

Наставникот го започнува часот со редење на флеш картички со Целите за одржлив развој на таблата. Кога ќе се постават сите картички, наставникот ги прашува учениците дали препознаваат некоја од нив.

(Можете да прикажете и кратко видео https://www.youtube.com/watch?v=0XTBYMfZyrM&t=41s&ab_channel=UnitedNations
или да ја користите сликата https://www.bookwidgets.com/play/JKJEPX

Учениците може да ги препознаат сликите со целите, а може и не, па наставникот ги цитира целите и ги прашува учениците:

*1. Што мислите, за што се овие цели?*

*2. Дали мислите дека ни се потребни овие цели во нашите животи?*

*3. Зошто на луѓето им се важни овие цели?*

Кога дискусијата ќе заврши, наставникот пушта видео за Целите за Одржлив Развој.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union
НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

https://www.youtube.com/watch?v=bB4ITPO_3PI&ab_channel=mppsmk

Кога видеото ќе заврши, наставникот поттикнува дискусија.

*1. Што претставуваат за вас Целите?*

*2. Како се важни за нас прашањата што ги покриваат овие Цели?*

*3. Зошто е важно луѓето да ги постигнат целите?*

**Втора лекција (2 часа)**

Наставникот става чинија пред учениците. Потоа бара секој ученик да земе парче хартија, на него да ја напише Целта што му е најважна и да ја стави во садот. Кога сите ќе ги стават листовите, наставникот ги вади, ги чита на глас и ги совпаѓа истите одговори. Наставникот избира 3 цели кои имаат најмногу гласови, ги запишува броевите 1-3 на хартија, ги става во празниот сад и им дозволува на учениците да изберат хартии за да се поделат во групи. Кога групите се поставени, наставникот бара од учениците да работат заедно во групите и да направат кратка усна презентација зошто сметаат дека таа цел е важна. Наставникот им дава време да ги подготват и презентираат своите наоди.

Кога ќе ги завршат презентациите, наставникот ги меша учениците во различни групи, така што во секоја група има по еден ученик од групата 1, група 2 и група 3. (Групите се формираат на тој начин така што во секоја има по еден ученик кој ќе го сподели она што го научил работејќи во претходната група)

Наставникот им дава задача - секоја група да подготви список со најмалку 10 работи што можеме да ги направиме за да ги постигнеме целите.

Група прва – чекори за постигнување на Целите за одржлив развој дома;

Втора група – чекори за постигнување на Целите за одржлив развој на училиште;

Група три – чекори за постигнување на Целите за одржлив развој во нашата заедница.

Наставникот дава време од една недела да направи онлајн истражување и да ги финализира чекорите.

По завршувањето на истражувањето, учениците креираат брошури со листа за проверка на чекорите што ги избрале. Брошурите се дизајнирани да ги потсетуваат луѓето на целите и да бидат водич кон поодржливо живеење.

## Совети (трикови) за едукаторот

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

1) Наставникот поставува прашања за Целите за одржлив развој.

2) Наставникот поттикнува дискусија за Целите за одржлив развој.

3) Наставникот ги повикува учениците да ги споделат резултатите од групната работа. Целта на групите е учениците да го применат претходно стекнатото знаење и на тој начин да придонесат за тимската работа и за успешно извршување на работната задача.

## Евалуација

Учениците дизајнираат брошури со чекори кон постигнување на целите. Брошурите се шират до наставниците во училиштето и до луѓето околу училиштето.

## Идеи/ Инспирација за иднина

Брошурите може да се направат во апликацијата Canva. Одкако ќе се дигитализираат брошурите можат да се објават на уцилишната веб страна или профилите на социјалните медиуми.

## Референци/Извори за користење

https://www.youtube.com/watch?v=0XTBYMfZyrM&t=41s&ab_channel=UnitedNations,

https://www.bookwidgets.com/play/JKJEPX

https://www.youtube.com/watch?v=bB4ITPO_3PI&ab_channel=mppsmk

http://www.teachsdgs.org/resources.html

## Анекс

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union
НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ